Воислав Д. КУШЕВСКИ

# АКТУЕЛНИ ПРОБЛЕМИ ВО НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА ВО СРЕДНОТО НАСОЧЕНО ОБРАЗОВАНИЕ*)

Само по себе како да се наметнува прашањево: зошто на дневен ред одново се поставува оваа тема, кога истата веќе беше присутна скоро на сите југословенски симпозиуми за наставата по историја, како и на другите советувања и средбувања на историчарите, особено и на минатогодишното јубилејно Годишно собрание на Сојузот, а и на последниот Конгрес на историчарите на Југославија. На ова прашање ние одговараме дека е оправдан потегот на Претседателството на Сојузот што и на ова Годишно собрание одново се актуелизира проблемот на наставата по историја во средното насочено образование (СНО), бидејќи, сè уште се во тек и дискусиите околу програмските јадра пред нивното усвојување, а во врска со тоа, нам ни претстојат мошне важни, обемни и одговорни задачи.

Од своја страна историчарите како да се решени проблемот за положбата на предметот, не само во средното насочено образование, да не го симнуваат од дневните редови на своите стручни срекавања, независно од тоа што тие веќе укажале дека „се оградуваат од последиците кои би можеле да настанат ако состојбата не се измени". Имено, во Апелот на Претседателството на Сојузот на историчарите на Југославија е речено дека „резултатите (од наставата по историја В. К.) остварени во реформираната школа се такви, што можат да имаат незгодни политички димензии во нашата повеќе-национална заедница". Дури во заклучниот дел од Апелот, историчарите „се оградуваат од последиците кои би можеле да настанат, ако состојбата не се измени".[1])

---

*) Прилогот е изложен на XVI-то годишно собрание на Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија, одржано на 6 и 7 април 1984 година, во манастирот Прохор Пчински и Куманово.

[1]) Апелот на Претседателството на Сојузот на историчарите на Југославија е упатен до Претседателството на Сојузната конференција на Социјалистичкиот Сојуз на работниот народ на Југославија. За оваа состојба на наставата по историја известени се и други највисоки сојузни општествено-политички органи.

Сè почести се и стручните написи кои ја третираат оваа проблематика од различни аспекти. Историчарите ја чувствуваат својата должност и одговорност, неуморно и непрестајно да укажуваат на нашите општествено-политички фактори, за горливите прашања сврзани со оваа настава којашто — како што наведовме — има исклучителна важност и заради тоа што е политички предмет.

Ова не се професионални или сталешки (да не се изразиме и со „еснафски") повици или апели за борба за повеќе часови и сл., со што сакаат да нè етикетираат некои посленици на средствата за јавно информирање. Зашто историчарите на Југославија не се искажале против реформата, односно против стремежите да се усовршува нашето школство и прилагодува спрема потребите на времето — туку се работи за наши реагирања за одредени потези кои доведоа до неадекватна поставеност на наставата по историја! Се работи за нужни интервенции на кои укажуваат дури и оние кои беа протагонисти односно кои донесоа одредени одлуки што сега треба да се менуваат! Впрочем, ние имаме право и сме должни, како стручно здружение да го истакнуваме и даваме наше мислење на поставеното прашање во насловот.

И најпосле, по донесувањето на програмските јадра, претстои изработување на нови наставни програми по историја, односно и на сето друго што тие го носат со себе. Исто така, некои реформи решенија, како да се преиспитуваат зашто се покажале спротивни со животната практика.[2]) Секако, тековните јавни расправи во врска со натамошниот развој на СНО, односно овие и другите измени што ќе уследат, ќе се одразат и во СР Македонија.

## *1. Нешто за местото на историјата како наставен предмет во средното насочено образование*

Кога би се обиделе да укажеме на одредени состојби на наставата по историја во реформираното средно насочено училиште, ние би пошле од констатацијата, која што не е само на-

---

[2]) На пример, во СР Србија, се предлагаат нови (четири) типови средни школи за насочено образование. Со цел да се изврши, како е речено, „рационализација на школската мрежа" се оди на смалување и бројот на занимањата. Во СР Црна Гора, пак, се предвидува насочувањето да отпочне од првата односно втората година на подготвителниот период на СНО.

ша,[3]) имено, дека сега е снижено рамништето на *општото* средношколско образование. Имено, се забележува дека општообразовните наставни предмети со својата поставеност и предметните содржини како да потсетуваат на времето на образовните курсеви. Исто така хуманистичкото образование, споредено со застапеноста на природните наставни дисциплини и математичките, е потиснато, такашто интелектуалниот развиток на оние индивидуи кои токму во оваа доба со своите психофизички предиспозиции инклинираат кон хуманистичките дисциплини и кои сакаат во тој правец да се образуваат и развиваат, како да е запрен . . .

Тоа ќе има негативни реперкусии, се разбира, и на студиите не само на хуманистичките научни дисциплини, туку и на оние струки за кои е неопходно пошироко хуманистичко образование како претспрема Во оваа смисла ние го пренесуваме укажувањето кое ѝ е соопштено на нашата јавност дека кандидатите кои доаѓаат со завршено средно образование на универзитетски студии се со „помала интелектуална оспособеност" која што „за овој степен на образование не одговара на современите дострели на човековото творештво".[4])

А за последиците од рестрикцијата на наставните планови за кои историчарите на време реагираа и нивните реагирања не беа прифатени, и сè уште не се прифаќаат — сега, при концепирањето не само на програмските јадра, туку и на наставните програми за III и IV клас на СНО по мајчин јазик и литература, веќе се реагира, и тоа мошне потемпераментно, — од страна на Сојузот на писателите на Југославија и Сојузот на писателите на Македонија.[5])

---

[3]) D-r Lazar Rakić, Prilagodjenost nastave istorije na Filozofskom fakultetu u Novom Sadu nastavi istorije u osnovnim i srednjim školama u SAP Vojvodini, sp. „Настава историје, Nastava povijesti, Настава по историја, Pouk zgodovine, Загреб, (Натаму: Nastava istorije . . .) бр. 1—2 (1983), стр. 25; Prvenka Turk, Nastava istorije u prvoj godini srednjeg usmerenog obrazovanja u SR Sloveniji, пак таму, стр. 60; Д-р Миомир Дашић, О неким питањима наставе историје, Пак таму, стр. 61, 62.

[4]) Наведено спрема различните прилози на оваа тематика од втората половина на 1983 и првите месеци на 1984 год., во в. „Борба" и „Политика".

[5]) Затоа што во заедничките програмски јадра, а и во наставната програма по предметот мајчин јазик и литература, не ќе се наоѓаат имињата, на пример, на Достоевски, Сервантес, Гогољ, Чехов, Данте, Флобер, Зола, Дикенс, — односно што во јадрата се нашло место за 13 најугледни нејугословенски писатели и тоа с а м о за: Шекспир, Петрарка ,Андерсен, Ж. Верн, Керол Луис, Пушкин, Балзак, Толстој, Бодлер, Брехт, Неруда, Ками и Хемингвеј.

Аналогно на ова и историчарите можат многу да набројат од она што од општата историја изостанало, и од порано, во соодветните наставни програми!

При нашето досегашно третирање на историјата како наставен предмет во СНО, ние како да го свртувавме вниманието главно на наставниот план, т.е. на бројот на неделните часови. Меѓутоа, постојат и други прашања од суштествена природа на кои подолу ќе се запреме. Сепак, најнапред изнесуваме неколку напомени за наставните планови. Имено, при дискусиите околу нив, со претставниците на Републичкиот завод за унапредување на воспитувањето и образованието, нас нè уверуваа дека плановите се општоважечки и неизменливи за целата земја. Се разбира, секој ја поздравуваше политиката нашиот школски систем да биде уеднachен, посебно средношколскиот. Сепак, постојат определени отстапувања, и тоа по предметот историја.[6])

Меѓутоа, и покрај релативно уеднаचениот наставен план и претстојното усвојување на заедничките програмски јадра, веќе се експонираа разлики особено во поглед третманот и односот кон историјата како наставен предмет, не само во СНО туку и во основното училиште!

На пример, во СР Хрватска во V-то одделение на основните училишта, постои предмет „Општество“ („Društvo“), а под „Историја“ предметот фигурира во VI, VII и VIII одделение и во I клас на СНО, додека — замислите — во II клас на СНО наместо историја е воведен предмет под називот „Современо општество“ („Savremeno društvo“) (?!). Во врска со ова се поставува и прашањето: дали може историјата т.е. развојот на човештвото и нашите народи и народности по II-та светска војна (или порано?) да се именува само со „Современо општество“? Зашто од ова се наметнува и мислата дека развитокот на светот по II-та светска војна не може да се именува ниту изучува како историја! Не асоцира ли ова и на теоријата на историската дистанца?

Овде јасно доминира курс на сведување на историјата под социолошка шема или на „социологизација“ на историјата!

Во поткрепа на ова наведуваме дека на повидок е настојувањето со овој предмет и натаму да се експериментира: му се одземаат содржините или предметот се преименува односно се формираат нови наставни предмети, чие постоење е мошне дискутабилно како од гледиштето на науката за наставата (општата дидактика), така и од идејните и научните позиции на марксизмот. На пример, во нашата јавност е присутен предлогот за воведување и одделен „општ југословенски предмет“ под називот „Југословенски народи и народности“ којшто би требало да „осигури воспитување и образование за југословенското за-

---

[6]) На пример, во САП Војводина предметот историја во II клас на СНО е застапен со 3 часа неделно (а кај нас со 2!), а во САП Косово, во V-то одделение на основното училиште се предава историјата со 2 часа неделно (кај нас само со 1!).

едништво".[7]) А во некои средни училишта за насочено образование во СР Србија е воведен и предмет Историја на цивилизациите, којшто се предава откако таму се преминало кон новите наставни планови и програми. Исто така, за одделни насоки на завршниот период од СНО, веќе се планира воведување и на други слични „истории"!

Оттаму кај нас е присутна и дилемата: значи ли тоа напуштање на класичните одамна определени дидактички задачи на наставата по историја па и на историјата како наука, коишто се научно засновани?!

Од горното станува јасно дека кај нас, во земјата, преовладува влијанието на социолозите во конципирањето, а и во специфичниот третман на општо-образовните, пред сè на хуманистичките наставни дисциплини кои го претставуваат стожерот на општото образование, особено во СНО, меѓу кои и на историјата.[8]) Меѓутоа, ние и од други становишта сме под дилемата: зошто постојат единствени наставни планови кои се општоважечки за сета земја, кога постојат вакви отклонувања во концепцијата по однос на третманот на предметот?

Значи, денес, кога во нашето секојдневие, во нашата јавност (печатот, ТВ, радиото и др.) и севкупниот живот е присутно и актуелно нашето заедништво, братството и единството на предметот Историја — низ којшто најкомплетно и најинформирано, во едукативниот систем се воспитува југословенскиот социјалистички патриотизам и втемелува свеста за заедништвото — му се одземаат содржини, се преименува или се измислуваат нови предмети чие постоење е дискутабилно, како од гледиш-

---

[7]) Во едно интервју со познатиот југословенски педагог проф. д-р Никола Поткоњак, по повод дискусиите околу заедничките програмски јадра поставено му е прашање — што мисли во врска со предлогот: во училиштата да се воведе овој предмет „кој би требало да го осигури образованието и воспитувањето за југословенското заедништво", еве што одговорил Поткоњак:

„Како стручњак сметам дека тоа би било најлошото од сите можни решенија. Стручната неоснованост и слабоста на овој предлог не произлегува од самиот факт дека овој предмет би бил конгломерат на многуте содржини (малку јазик, малку литература, малку историја, малку ликовна и музичка култура, малку географија и слично), ниту само затоа што не би можел да се најде квалификуван наставник којшто би го предавал, туку затоа што ваквото „решение" во практиката неминовно би довело содржините од другите предмети на воспитно-образовната работа да се „ослободат" од заедничките програмски јадра и што останатите наставници, освен оние што ќе бидат „задолжени" за овој предмет, би ги ослободило од обврската со својата работа да ги воспитуваат младите генерации во духот на југословенскиот социјалистички патриотизам, на братството и единството на нашите народи и народности и југословенското заедништво. Овие цели и задачи можат да се остварат само со единственото дејствување на севкупниот воспитно-образовен процес, со настојувањата и залагањата на сите училишта и наставници. И никако поинаку". (Види в. „Борба", Београд, од 24—25 декември — неделен број, 1983, стр. 4).

тето на науката за наставата (дидактиката), така и од идејните и научните позиции на марксизмот (посебно на дијалектичкиот и историскиот материјализам), што се коси и со познатото искажување на класиците на марксизмот за историјата.[8а]) Имено, дали е оправдано во школски институции, во кои *глобално* се определуваат и застапуваат научните подрачја— изразени како наставни предмети — да се оди кон вакви и слични дезинтеграциони зафати или експериментирања?

Независно од горното ,наспомнуваме дека историчарите не мислат одново да докажуваат што е историја и како наука и како класична наставна дисциплина предмет, и тоа во општество кое се изградува врз марксистичка идеологија, под егидата на СКЈ, ниту пак да се „откажуваат" од материјалот којшто ѝ припаѓа. Нам само ни пречи што одделни колеги, претежно наставници, како да се мират со тоа што дел од материјалот по историја, на пример, од историјата на работничкото движење и друго е „преземен" од друга наставна дисциплина (Марксизам и социјалистичко самоуправување) наводно за да не се повторува. Во врска со ова потсетуваме дека само историчарот — наставник и тоа низ наставниот материјал за *школска намена (настава)* може да ја даде *интегралната* слика на минатото, *севкупната* општествена база и надградба во процесот на образованието и воспитувањето на младите генерации.

Затоа, ние се залагаме и настојуваме предметот историја (општа и на југословенските народи и народности, националната) — да биде застапен во сите класови на средното насочено образование, онака како што е застапен предметот мајчин јазик и литература. Зашто само така историјата ќе си го заземе своето место кое ѝ припаѓа, особено во завршните два класа во школувањето на средношколецот — кога се формира *трајно идејно и етичко определување на младите* — како што е на тоа укажано во Резолуцијата на VIII конгрес на историчарите на Југославија.

Што се однесува до другите општообразовни предмети од хуманистичка природа, посебно за марксизмот и социјалистич-

---

[8]) Д-р Игнациј Воје, професор на Универзитетот во Љубљана, точно укажува дека „ние историчарите, во рамките на својата организација, којашто е колективен член на Социјалистичкиот сојуз, го немаме она влијание на реформата на образованието коешто, според стручната и општествената положба, би морале да го имаме"! (Види: d-r Ignjacij Voje, Prilagodjavanje nastave povijesti na sveučilištima i srednjem usmjerenom obrazovanju" — воведен реферат на IX југословенски симпозиум за наставата по историја, одржан на 28—30 август 1982 година во Нови Сад — Настава историје . . . , стр. 10.).

[8а]) Античката мисла за „учителката на животот" Маркс и Енгелс ја потврдиле во нивното заедничко дело „Германска идеологија", со зборовите „Ние познаваме само една наука историјата . . .".

кото самоуправување, доколку предметот се задржи како наставна дисциплина — наше мислење е дека неговото место е во завршниот клас на СНО и тоа во *скратен обем*, како *воведен* курс. Зашто неговата материја се бави само со *најкрупните* и *најважните* проблеми на социјализмот, а и заради *синтетичкиот* белег на неговиот материјал, кој што *претпоставува солидни предзнаења заправо од историјата, книжевноста, биологијата, хемијата, математиката* и другите природни науки.[9]) Како што е сега поставен овој предмет во СНО (дури е застапен и во I и II клас на СНО!) тој носи и ќе носи полно слабости. Имено, без историски и други предзнаења предметот како да е поставен на глава![10])

Се задржуваме и на прашањето за местото односно поставеноста на наставата по историја во педагошката и културолошката насока на СНО каде што е застапена во III и IV клас со по два часа неделно.

Тргнувајќи од *општообразовниот карактер* на овие насоки за кои што е нужна солидна подготовка од хуманистичките научни дисциплини (за педагошката посебно и од националната група предмети), сметаме дека е недоволен доделениот фонд на неделен број часови, по историја.[11]) Потаму, сметаме дека насочувањето на ваквите профили дури од III-те класови, не може да даде резултати. Тоа би требало да отпочне од порано, со што би се овозможило, меѓу другото, фундаменталните општообразовни предмети да бидат сведени не само во две или во една учебна година и со минимален број часови во седмицата! Само на таков начин ќе може да се реализира формирањето на солидно образован и со општа култура кадар којшто натаму ќе се развива и усовршува.

---

[9]) Ова се однесува и за филозофијата, која во речената смисла беше поставена и како наставен предмет во бившите општообразователни средни школи (пред сé гимназиите). Имено, беше воведен во завршните класови и главно како **вовед** во филозофијата, која врз основа на ученичките предзнаења даваше **преглед** на историските претпоставки на појавата, на развојот и проблемите на човечката мисла во минатото.

[10]) Оттука и појавата на бројните проблеми кои се присутни кај оваа наставна дисциплина. Значителен дел од нив, секако, се последица на отсуството на нужните предзнаења од учениците. Затоа и се „одземени" и се „одземаат" содржини од историјата и од другите класични наставни општообразовни, пред сé хуманистички дисциплини! Во еден од последните броеви на „Комунист", во една статија под наслов „Тенки корици на предметот марксизам и самоуправување", се доведува под прашање истиот како наставен предмет!

[11]) Ваквото наше становиште го засновуваме врз податокот што пред Војната во 5-те години, колку што траеше школувањето во учителските школи, историјата беше застапена со по 3 часа неделно и фигурираше како матурски предмет. Слична беше положбата и во средните општообразовни школи (гимназиите).

Го изнесуваме и мислењето за формирањето на педагошката насока во СНО, особено во врска со податокот дека занимањето одделенски наставник се постигнува преку VI—1 степен т.е. со виша школа. Имено, во случајов се отстапило од принципите на реформирањето на нашиот средношколски систем. Имено, со овој преседан сторена е неправда и спрема другите занимања посебно за оние кандидати — средношколци на кои што им е потребно континуирано, систематско и пошироко општо хуманистичко образование, кои ќе сакаат да го продолжат своето образование, на пример, на предметните групи на виша педагошка школа, а особено на т.н. наставнички факултети, и по историја се разбира! Со други зборови, неопходно е постоење и на — условно речено — *хуманитарна* или *општа* насока или поинаков третман на културолошката, што ќе ги задоволи потребите за кои станува збор.

Што се однесува пак до наставните програми по предметот — историја за спомнативе насоки (педагошката и културолошката), тргнувајќи од содржините за кои погоре наспомнавме ова ни асоцира како на *трет* (ако не и четврти) концентричен круг, ако се има предвид севкупниот систем на школување (од основното училиште до СНО). Ова е последица, според нашето мислење, од ненавременото осмислување на концепцијата на севкупното СНО, а посебно на неговата завршна насока[12]) каде *се предвидува да се обработува повторно* историјата на југословенските народи и народности со цел и задачи „да се продлабочат познавањата од историското минато и да им дадат пошироки знаења" и тоа само од „историјата на југословенските народи и народности."[13]) Слично е и со културолошката насока каде што превладува материјал од историјата на културата! И затоа што и на III-от концентричен круг *повторно* се обработува и учи веќе изминатиот материјал, овде — и преку повторување — отсуствува не само рационализација (во однос на распоредот на материјалот или во економичноста) во наставниот процес, туку и штедењето на умствените и физичките сили на учениците.

Во историјата на нашето школство по ослободувањето, вакви наставни програми по предметот историја не постоеле!

---

[12]) Имено, факт е дека кај нас се пристапи кон изработување на наставни програми најнапред за подготвителната фаза на СНО, без да се има јасна концепција за местото, улогата на одделните општообразовни предмети во неговата завршна фаза!,

[13]) Цитирано според Упатството на Републичкиот завод за унапредување на воспитанието и образованието.

## 2. *За некои состојби во наставата по историја*

Макар што е неблагодарно на се даваат судови за настава која во релативно кусо време претрпе неколку промени, сепак, увидите укажуваат за неколку неоспорни констатации кои се однесуваат не само за СР Македонја . . .

Пред сè влошена е состојбата на наставата по историја, за што во СНО значително ѝ се намалени времето и просторот. И покрај мошне стеснетите рамки во кои сега е сведена оваа настава, составувачите на наставните програми, и оние што ги одобриле, останале на истите дидактички барања (образовно-воспитни задачи и цели). Наставните содржини останале, речиси, неизменети. Со оглед на тоа, и со површни увиди во учебниците, не е тешко да се забележи дека во многу места (настани и теми) е присутно изобилство на фактографија. Секако, тоа неминовно се реперкуира во наставата. Сето ова може да се обележи и како *дидактички материјализам,* а тоа пак само со еден чекор води и кон позитивистички третман на делови од минатото. Наставниците — историчари сега се исправени пред мошне исклучителни тешкотии и проблеми. Имено, нивна главна преокупација е како да го обработат наставниот материјал. А при ваквата состојба, во тоа тие тешко успеваат. Во вакви услови наставниот материјал не се обработува со пооптимална примена на наставните принципи и со комбинирање и на други, често и неопходните — методи како што тоа го диктираат односно бараат одделните наставни содржини, а и со одржување и на соодветни видови наставни часови . . . Вончасовните активности, пак, се мошне ретки.

Имено, заради ваквата состојба во наставата, тоа го констатираа и нашите колеги од другите републики, скоро е оневозможена *анализата и синтезата* на наставните содржини што е од првостепено значење за оваа настава, а недостасува и причинско-последичното обработување на минатото, што од своја страна, негативно „се одразува на формирањето на марксистичкиот поглед на свет кај учениците".[14])

Оттука историјата за учениците станува предмет за којшто првенствено е важна меморијата, чиишто часови често можат да бидат неинтересни, а односот кон предметот дури и негативен.[15]) Ова доаѓа и од сведувањето историјата да се изу-

---

[14]) M-r Milorad Kesić, Primerenost nastave istorije psihofizičkim mogućnostima učenika u VII razredu škole u SAP Vojvodini, „Nastava istorije . . .", str. 47.

[15]) Ibidem; Drašković Blagota, Primjerenost udžbenika povijesti za V razred psihofizičkim mogućnostima učenika, „Настава историје . . .", стр. 29.

чува само во две учебни години. Тоа го констатира дури и малата анкета на Претседателството на Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија.

Заради ваквата поставеност на предметот, наставниот процес се одвива претежно без неопходната дидактичка разновидност при што ученикот повеќе би се поставил како субјект.[16])

Ваква е *реалната* состојба на наставата по историја, обусловена и од *објективните* околности во кои е истата поставена во СНО. Имено, постои очевиден расчекор меѓу нормите кои се поставени како наставни задачи и цели, и (не) можностите за нивно поцелосно остварување...

Рамништето на наставата по историја сега е евидентно пониско, затоа што обработката и третманот на наставниот материјал мора да се сообразува со ученичката возраст. А тоа сè уште е постадолесцентен период — посебно за учениците од машки пол, кај кои времето на пубертетот е нешто подоцнешно. Затоа и забележуваме дека учениците од I-те класови на СНО сè уште се наклонети, со нивниот типичен интерес, особено кон историскиот материјал од акциона природа, и соодветните (акциони) историски личности.

Горново уште повеќе доаѓа до израз во СР Македонија, бидејќи овде единствено и без искуство се премина кон т.н. линеарно-спирален принцип на распоредот на наставниот материјал. Зашто поинаква би била ситуацијата со принципот на концентрични кругови, бидејќи тоа овозможува — врз основа на веќе одредени претходни знаења — материјалот да се обработува на повисоко рамниште т.е. да се продлачува, обопштува и осмислува мошне повеќе, одошто при првичното запознавање со историските настани, што ќе делува поефикасно врз остварувањето на идејно-воспитните задачи, а и врз умствениот развиток на учениците.

---

[16]) Во врска со ова можеби, нам ќе ни се забележи дека без факти нема знаења, односно дека „историјата без факти, не е историја". Меѓутоа, не треба да се заборавaат две теоретски поставки на методиката на наставата по историја: едната која се противи на механичко и „голо" предавање и учење на фактите, а втората, дека обработката на историските факти во методска (и методолошка) смисла е сложена постапка Имено, почнувајќи од нивното третирање во времето и просторот, преку изложувањето на причинско-последичното, етапите низ кои се одвивал исрискиот настан, со сфаќањето за неговото место што го има во историскиот процес, развојот и сл., со определување на неговиот карактер, оценката и сл. Место таквиот приод и обработка на историскиот материјал — што во прилична мера ни недостасува на часовите, секако, претежно на нив ќе доминираат рекапитулативни возвратни информации заправо за историските факти, за текот на настаните и сл.

И најновите измени на наставните програми не влијаеја стабилизационо на наставата по историја. Тоа особено се однесува за линеарно-спиралниот распоред на наставниот материјал којшто го воведовме први, а би рекле и единствени во земјата[17]). Имено, *линеарен* по тоа што наставниот материјал по историја (од V-то одделение на основните училишта, до II клас на СНО) сега се изучува хронолошки — од Првобитното општество до наши дни, како од општата така и од историјата на нашите народи и народности. Но и *спирален* по тоа што во VIII одделение (како завршно во основните училишта) наставниот материјал, сепак, се заокружува т.е. завршува со обработката на најновата историја (од I-та светска војна, времето меѓу двете светски војни, Народноослободителната војна и Револуцијата, социјалистичката изградба на нашата земја, за светот по II-та светска војна), сè до современите настани!? Сиот овој материјал треба да се обработи мошне скратено, само за 20 часа, при што НОВ и Револуцијата за само неколку часа! Овој наставен програм се предвидува за сите ученици од VIII одделение на основните училишта, независно од тоа дали ќе го завршат или продолжат своето образование. Напоменуваме дека спомнатиот материјал пак ќе се обработува, се разбира, пошироко, во I и II клас на СНО!

Покрај тоа, оваа промена (посебно заради воведување на „спиралата“) влијаеше наставниот програм по историја за VIII одделение на основните училишта да биде мошне обемен (од крајот на XVIII век до наши дни!) со изучување дури и на три општествено — економски формации — од историјата на нашите народи и народности.

---

[17]) До ова дојде наспроти несогласувањето на Комисијата којашто го составуваше нацртот на новиот наставен програм по историја. При конфронтацијата на ставовите, се дојде до компромис, такашто Републичкиот педагошки совет *условно* ги усвои новите наставни програми со т.н. линеарно-спирална концепција на распоредот на наставниот материјал, *сè додека не се согледаат решенијата и ставовите односно концепциите по ова прашање и во другите наши републики и автономните социјалистички покраини.* Меѓутоа, сепак, овој заклучок не се зеде во обзир, такашто се дозволи да се применат овие наставни програми, наспроти нивното условно усвојување, и пред донесувањето на заедничките програмски јадра. Имено, тоа доведе до линеарно-спирален распоред на наставниот материјал и тоа само во СР Македонија!

А во „Резолуцијата на Осмиот конгрес на историчарите на Југославија за положбата на наставата по историја во образовниот систем во СФРЈ“, меѓу другото, стои, и ова „Ситуацијата ја влошува и фактот, што не само заради завршниот карактер на основното училиште, материјалот не може линеарно да се програмира, така што програмите на заедничките основи не даваат можност за основна претстава како од општата, така и за националната историја“.

Тоа означува еден неуспешен : скап експеримент, зашто сега, по донесувањето на заедничките програмски јадра, треба сè пак да се менува!

Ваквата обемност на наставниот материјал (и „спиралата“) влијаело, составувачот на овој наставен програм, делот од општата историја од XVIII век (од I-та светска војна) да го „префрли“ во VII одделение на основните училишта. Со тоа пак се отстапило и од принципот на синхронизирана обработка на општата историја со историјата на нашите народи и народности!

Очевидно е дека сторените промени во наставните програми по историја, не значат во речената смисла нивно „усовршување“. Тоа не е среќно решение и делуваат како да се работи за некоја привремена мерка. Затоа и го поставуваме барањето што побргу да се вратиме на начелото на концентричните кругови на поставеноста на наставата по историја, односно, материјалот во основното училиште би требало да се „заокружи“, бидејќи истото сè уште е завршно.

И во другите републики и социјалистичките автономни покраини овој принцип не е напуштен, што се однесува до наставата по историја.

Бележиме дека е сторен уште еден превид за наставата по историја. И покрај тоа што се знаеше дека за одделни наставни предмети е заземен линеарниот принцип за распоредот на наставните содржини, што е најизразито за предметот историја, наместо сукцесивната примена на новите („усовршени“) наставни програми (во случајов по историја) во основните и средните училишта, се донесе одлука тие паралелно да бидат застапени: во V-то одделение на основните, односно и во I-те класови на средните училишта со насочено образование, почнувајќи од 1981/82 година! Тоа доведе до ситуација: за неколку исти генерации ученици на *двапати* и тоа *и од претходната и во наредната учебна година,* да се *обработува* односно да *се учи истиот наставен материјал* од најновата историја (меѓу двете светски војни, Втората светска војна, НОВ и Револуцијата до 1945 година). Имено, според постарите наставни програми по историја во VIII одделение на основните училишта се обработуваше истиот материјал што е предвиден за I-те класови на средното насочено образование, според новите наставни програми! (sic!)

За последиците од ваквата состојба во наставата не се потребни коментари, макар таа да траеше и привремено! Општо земено, во историјата на нашето школство по ослободувањето наставата по историја не претрпела за така кусо време олку промени како што оваа стана во последниве години во СР Македонија!

Со промените за кои станува збор, кај нас се наруши релативно солидно и дидактички обликуваниот и заокружен наставен циклус (план и програм) во основните училишта со постоење на релативно прифатени од практиката учебници по историја, со што беа задоволени основните дидактички норми. Според анализата и оценката на наставата по историја на VIII конгрес

на историчарите на Југославија, со оваа состојба и денес главно се задоволни одредени стручни фактори и во другите републики и покраини.[18]) Оттука за овие училишта не се бараат измени на наставните планови и програми по историја со исклучок за V-то одделение каде наставата со по еден час неделно е, речиси, неможна!

Сега, заради претстојното спроведување на единствените програмски јадра на наставните програми по историја, кај нас во СР Македонија, треба одново да се работи на нови наставни програми, на нови учебници, прирачници и др. Значи неопходни ќе бидат нови усилби и материјални средства, наместо силите да ги насочевме кон унапредување и осовременување на наставата. Зашто крајно време е да престанеме да бидеме преокупирани само со изработување на наставните програми, со семинари за нивното спроведување, со нови учебници, и др. Бидејќи од ослободувањето наваму, токму на ова беа ангажирани нашите интелектуални и материјални сили, до денес ние не ѝ пружавме на наставата, на пример, и друг нагледен материјал, посебно во изработувањето на историски читанки, историски карти од историјата на македонскиот народ,[19]) историски атласи, историски слики и др.

И покрај тоа што на часовите по историја скоро е невозможна анализата и синтезата на наставнте содржини, сепак, ние мораме да бараме и создаваме можности за нив. При тоа ние ја имаме предвид теоретската дидактичка поставка: дека обработка и изучувањето на фактичкиот материјал и обопштените законитости на ôдот на човечкото општество (од неговиот постанок до денес, во едукативниот процес (се разбира, не само по историја) претставуваат две неразделни страни на една противречна целина, такашто одвојувањето на едната од другата во наставниот процес би значело осиромашување на образованието. Ова дотолку што аналитичкото обработување на историските факти (што го подразбира и обопштувањето) треба да доведе до формирање кај ученикот *глобален поглед и глобално усвојување* на развојот на општеството во сите негови сложени и противречни манифестации. А до тоа се доаѓа само преку квалитетна и систематска *синтеза* на поопштите општествени законитости.

И доколку се поставува прашање: каде е излезот од оваа состојба, нашето мислење е, доколку остане *status quo* со наставата по историја, дека неопходно ќе биде натамошна радикал-

---

[18]) Види: Д-р Лазар Ракиќ, Наставата по историја во реформираното СНО, воведен реферат на VIII конгрес на историчарите на Југославија, „Историја", бр. 1/1984, стр. 332.

[19]) Кај нас, во СР Македонија, од ослободувањето не е издадена *ниту една* карта од историјата на македонскиот народ во демонстрационен формат т.е. за работа во училница! На, ова ние сме укажале и порано!

на селекција на наставниот материјал, за истиот да се сведе на нужниот минимум, на најеклатантните примери дури да се оди и на можна егземпларност, за да обезбедиме на наставникот доволно време за експликација, и обопштување односно за осмислување на општествените историски процеси . . . Ова е можно и доколку сакаме при учењето на историјата повеќе да се извлекуваат поуки, и повеќе таа наука да се сака и тоа и низ разговори, со користење и други методи, форми, наставни средства и др.

### 3. *Некои предлози по повод претстојните измени на наставните програми*

Се разбира, ова ние го предлагаме и со оглед на претстојното изработување и донесување на нови наставни програми по историја.

При тоа треба да се соочиме со реалноста, имено дека тешко ќе можеме да го измениме постојниот наставен план за предметот, и ако не се откажуваме од нашите постојани барања на кои погоре укажуваме! Затоа, со оглед на изложеното, мораме да се сообразиме и со општата тенденција кон рационализација на наставата, на коешто ние не случајно се задржуваме.

Покрај ова пред нас се наметнуваат и други дилеми. Имено, треба да се осмисли содржинската концепција на програмските содржини за I и II клас на СНО: дали ќе се ориентираме спрема она што е усвоено, при што значително место ѝ се дава на светската историја со одбегнување на евроцентризмот, а со инкорпорирањето на историјата на југословенските народи и народности (во глобалните историски текови и процеси на сето човештво), или пак, ќе се ориентираме кон други решенија, со вградување на содржинските програмски јадра и во првиот и во вториот случај. Секако, по ова прашање ќе треба одржување тесни контакти и со другите републики и покраински центри за изнаоѓање најдобро решение.

При изградувањето на концепцијата за која станува збор, а особено при изработување на наставните програми и за III-те и IV-те класови на СНО (бидејќи и тие ќе треба да се сообразуваат со I-те и II-те класови, односно со заедничките програмски јадра), неопходно ќе биде *колективно* третирање на наставните содржини по историја, посебно кај оние насоки каде што е застапена историјата како наставен предмет. Ова посебно се однесува за наставните предмети по историја и литература, зашто доколку првиот не е застапен во доволна мера, тогаш се

намалува можноста за попродлабочено и посестрано знаење и сфаќање и на националната и светската литература, на литературните правци, на епохата во кои тие се формирани и др. Во оваа смисла правилно е што Сојузот на писателите на СР Македонија се застапува „да се решат темелните и клучните прашања во врска со третманот на националниот јазик, литература и *историјата*" во наставата. (Подвл. В. К.)

Што се однесува до изборот (опфаќањето) на наставните содржини (независно што одделни веќе „се узурпирани") треба цврсто да стоиме, како и до сега до ставот — таквите историски содржини *интегрално и неотстапно* да бидат опфатени и вградени и во новите наставни програми по историја. Последново особено се однесува за најновата, главно повоена историја и социјалистичка изградба. Зашто, повторуваме, само оваа наука *ја обработува и презентира целината*, односно севкупниот историски процес... Впрочем, не треба да се отстапува од она што ѝ припаѓало и ѝ припаѓа на историјата како наука и настава!

Освен тоа, во иднина во програмите и учебниците односно во наставата повеќе би требало да се акцентира историјата на нашите народи и народности, нашето заедништво, што е една од основните воспитни задачи на наставата по историја. Во тоа секако, ќе ни помогнат и програмските јадра за наставата по историја. Независно од нашите сугестии при дискусиите за јадрата, во духот на оваа задача, и натаму треба да се инсистира за тоа повеќе место да ѝ се обезбеди и на историјата на македонскиот народ во наставните програми и во учебниците по историја во другите републики и покраини. Но при тоа не се важни само тезите или темите од нашето минато, туку: како му се приоѓа, како истото се толкува, на што веќе сме укажале во еден наш прилог.[20])

И покрај тоа што постојат одредени подобрувања, посебно во наставата по историја, неопходно е да интервенираме за соодветен третман на минатото на неврзаните земји од Азија, Африка и Латинска Америка. Зашто учениците на социјалистичка и неврзана Југославија треба подобро да се запознаваат и повеќе да знаат за минатото и културата на земјите од третиот свет.

---

[20]) Војо Д. Кушевски, Кон прашањето на третманот на одделни содржини на историјата на нашите народи и народности во југословенските учебници по историја, „Историја", бр. 2/1083 год.

### 4. *За резултатите од анкетата меѓу дел од наставниот кадар*

И покрај тоа што анкетата опфати само дел од наставниот кадар по историја, од неа, а и од општиот увид, можеме да заклучиме дека е недоволна материјалната основа за наставата по историја. Недостигот од историски карти за историјата на македонскиот народ веќе со години се провлекува. Недостигаат и други наставни средства, посебно илустративен нагледен материјал.

Покрај постоењето на одредени форми на вончасовни активности, во недоволна мера се изведуваат и екскурзии. За ова, според наше мислење, вината ја сносат и самоуправните интересни заедници, кои се мошне шкрти во обезбедување адекватно учество со материјални средства за теренска настава. Од анкетата дознаваме дека за последните три учебни години, само во две од анкетираните училишта учениците го посетиле манастирот Прохор Пчински, односно музејската изложба на Првото заседание на АСНОМ. Недоволна е посетата и на музеите, музејските збирки, а слаба е и кинофикацијата на наставата. Услугите на Заводот за културно-просветен и наставен филм во Скопје, веќе со своите цени стануваат недостапни за училиштата.

Наставниците — историчари кои работат во основните училишта, со години, а и по повод оваа анкета, не пропуштија да бараат уште еден час по историја во V-то одделение, укажувајќи дека е неможна настава со обемен материјал со вака ограничен, и со олку временско растојание одржуван, седмичен час!

Натаму тие ги поздравуваат посетите на советниците по историја од регионалните заводи за унапредување на образованието и воспитувањето, вклучувајќи го и републичкиот советник. Задоволни се од овие контакти, меѓутоа, не е мал бројот на училиштата, односно на наставници кои во последниве три учебни години воопшто не биле посетени од советниците по историја!

Наставниците констатираат дека опаѓа интересот на учениците за предметот со неговото сведување само на две години и со два часа неделно во СНО. Меѓутоа, ние би укажале и на познатата дидактичка поставка дека интересот и љубовта кон предметот до голема степен зависи од наставникот.

Од посебна корист за нас е одговорот на прашањето за празнините што анкетираните ги чувствуваат како наставници, а кои потекнуваат од студирањето на Историската група на Филозофскиот факултет во Скопје. Без исклучок тие одговараат дека тоа е: „не изучувањето на најновата историја што се однесува за светот и за Југославија по II-–та светска војна“ или „за воведувањето и развојот на самоуправувањето и за социјалистичката демократија“ или дека се чувствуваат „празнини од

социјалистичкиот период" и сл. Ова нè потсетува на од порано истакнатиот проблем,[21]) на што и сега нашата анкета посебно укажува, за потребата од нови напори на споменатата Катедра, за пополнување на познатата празнина во студиите на историски науки т.е. за застапеноста на предметот — Повоена историја на Југославија.

### 5. *Некои наспомнувања за учебниците*

На ова прашање се осврнуваме без претензии да навлегуваме во подлабока анализа или оценка, туку за да укажеме на тоа како се одразило и се одразува стеснувањето на местото на наставата по историја и врз основните учебни помагала.

Имено, заради горните причини, учебниците по својата композиција обично се сведени на обработени методски наставни теми, и тоа како за дел од материјалот, така и за темите кои се податливи за таква обработка. Но таков приод има и за одделни периоди или крупни историски настани дури и процеси, на кои им се губи целината заради нивната „расцепканост" на часови. Некаде пак се среќаваат и методски целини кои се сосема куси.

Затоа во учебниците отсуствува глобален преглед и презентација на битните историски процеси, експонирање на белезите на епохата, на пресвртните настани и сл. Заради „набиеноста" на одделни партии со фактографија, често отсуствува неопходната експликација, наведување на историските поуки, дури и историски оценки.

Исто така се има впечаток како на места да е присутна и одвоеноста на општата историја од историјата на нашите народи и народности, дури и на националната од едната и другата. Имено, не се свртува доволно внимание на причинско-последичното, на заемните врски во минатото и сл.

Споменатото за учебниците неминовно се реперкуира и во наставата. А тоа е и сфатливо, зашто преминувајќи од една наставна тема на наредната, и наставникот — како фактор којшто треба да го надминува или коригира она што авторите на учебниците не успеале да „го решат" од научна и методска гледна точка, често (и заради брзање да го предаде обемниот материјал) не е во состојба, ниту одделува време, за нужните корекции или дополнувања.

Поаѓајќи од овие забелешки и во учебничката литература по историја во иднина треба да се ориентираме не само кон

---

[21]) Vojo D. Kuševski, O nekim aktuelnim problemima studija istorijskih nauka na Filozofskom fakultetu u Skoplju na relaciji reforme osnovnog i srednjeg usmerenog obrazovanja, „Настава историје" ...", стр. 21.

поселективен избор на материјалот, туку и кон нов приод при обработката или кон нова композиција на учебникот, особено при изборот и при презентирањето на неговата содржина.

Ова треба да се стори и од друго становиште. Имено, кај нас, во СР Македонија, е создаден учебник (ова претежно се однесува на оној од основното училиште) кој со својата погоре речена композиција и „утврдените стандарди" доминира речиси повеќе од 25 години. По својот квалитет тој не е надминат. Вистинска конкуренција и покрај институцијата—конкурс, не постои. Исто така обично се печати само еден учебник, за едно одделение или клас, такашто не постои избор врз основа на квалитетот.

Во ова смисла не е непотребна и напомената дека отсуството или бавното инкорпорирање во наставните програми на резултатите од нашата историографија, а и поради недоволната „храброст" или заради ограниченоста со простори, како и поради придржувањето кон „утврдените стандарди", авторите не само што не се решаваат на вакви и други измени, туку во учебниците се „оперира" со „стандардна" фактографија, посебно со нејзината интерпретација, дури од пред дваесетина, ако не и повеќе, години. Сведоштво за ова ни се и наводно „новите" изданија на учебниците. Особено оние за кои станува збор.

Затоа, а и од други причини, креативноста и иновативноста во учебното дело кај нас сè уште не е практика, на што треба во иднина да се погрижат и одговорните фактори, не само во издавачката организација на здружен труд „Просветно дело", туку и Сојузот, а и надлежните просветни и општествени фактори.

*

* *

Со оглед на новата ситуација околу стеснување на рамките на наставата по историја во СНО и науката за наставата (методиката) треба да вложува посебни напори не само кон рационализација на наставата воопшто, туку и кон оспособување на наставниците во таа смисла, зашто на едно место е речено дека многу од наставниците не се оспособени во доволна мера за рационализација преку средства и методи.[22]) Во врска со ова пра-

[22]) Д-р Игнациј Воје, во цитираниот прилог, наведува: „... потребно би било во текот на студиите да се воведе повеќе наставна практика во рамките на предметот специјална методика. Студентите треба да се оспособат такашто да бидат посамостојни, да имаат такво теоретско и практично образование да можат во секојдневната работа да се прилагодат кон секоја нова ситуација, и на идните реформи...". За ова види и кај: Драшковиќ Благота, цит. дело и Д-р Ракиќ Лазар, Прилагођеност наставе историје..., стр. 27.

шање ние го повторуваме нашиот од порано искажан предлог за продолжување на студиите на наставничките факултети на пет години, токму и за нивната подобра педагошка, а и научна функција. Зашто во овие услови, како е сега поставена оваа дисциплина, подготовката на студентите во смисла на реченото, не може да биде осетно подобра.

Во поглед состојбите на наставата по историја во СНО и напорите што историчарите — наставници ги вложуваат за нејзино подобрување, стои впечатокот: како да се оставени сами на себе си. Имено, недостасува ангажирана поддршка во ова и од научните институции — на МАНУ, на Наставно-научната студиска група за историски науки при Филозофскиот факултет во Скопје и на Институтот за национална историја.

Навистина, стои размислата: она, кое со децении, ако не и повеќе, претставувало стожер на општото хуманистичко образование — како што е наставата *по мајчин јазик и литература* и по *историја* — сега да се сведува на краток курс, помал дури и од енциклопедиски информации. Навистина тоа претставува не мал експеримент во едукативниот процес на средното школство, и тоа во земја во која се мошне живи и актуелни, а и сакани историските традиции, земја која врз база на своето историско минато инспиративно живеела, живее и ќе живее со светлото историско наследство (heritige), дотолку повеќе што е таа многунационална и затоа што посебно најновата историја е онаа врз која се темели нашата современост и иднина. Тито, впрочем, за ова го рекол и следново: „Потреба е на секоја револуција да се враќа на своите извори и искуства . . ."

Затоа, овде нешто мора да се менува . . .!